Apx

[redacted]

# Република Северна Македонија
# Државен инспекторат за животна средина
# Скопје

ИП1 бр.15-54
06.03.2025г.
Скопје

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012, врз основа на член 83 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на Р.Македонија бр.50/11...102/19), член 33 од од Закон за инспекциски надзор во животната средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр.99/22) и член 200 став (2) од Законот за животна средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр. 53/2005 бр.89/22), по извршениот редовен инспекциски надзор на 06.03.2025 год. во халата за преработка и конзервирање на овошје и зеленчук на ДЗТУ. Џанвики ДОО Петровец на ул. 108 бр.91 во м.в. Ќојлија во општина Петровец, застапувано од управителот Зоки Младеновски, во врска со Елаборатот за заштита на животната средина, а заради отстранување на недостатоците утврдени во записникот ИП1 бр.15-54 од 06.03.2025г. донесе:

## **РЕШЕНИЕ**

1) Се задолжува ДЗТУ. Џанвики ДОО Петровец, со деловно седиште на ул. 108 бр.91 во м.в. Ќојлија во општина Петровец, застапувано од управителот Зоки Младеновски :

Да изврши мерење на емисија на гасови ( $SO_2$, $H_2S$, $NO_2$, CO, прашина и чаднокатрански број ) од оџакот на котелот за производство на пареа за производствениот процес, на нафта со моќност од 1,3 MW и лабораториска анализа на отпадна вода од пречистителната станица во канализацискиот систем, во халата за преработка и конзервирање на овошје и зеленчук.

Рок за отстранување на недостатоците е 30 (триесет) дена од приемот на решението.

2) Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 200 став 4 од Законот за животна средина.

## **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Државниот инспекторат за животна средина- Скопје, преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012 на ден 06.03.2025 год., а во врска со одобрениот Елаборат за заштита на животната средина, одобрен во МЖСПП под бр.УП1-11/4-1211/2024 од 28.01.2025 год., изврши редовен инспекциски надзор во халата за преработка и

# Република Северна Македонија
# Државен инспекторат за животна средина
# Скопје

[redacted]

конзервирање на овошје и зеленчук на ДЗТУ. Џанвики ДОО Петровец на ул. 108 бр.91 во м.в. Ќојлија во општина Петровец, при што констатира дека со преработка и конзервирање на зеленчук започнал во 2023г.

Според одобрениот елаборат, предвидено е во текот на секоја година да се изврши по едно мерење на емисија на гасови ($SO_2$, $H_2S$, $NO_2$, CO, прашина и чаднокатрански број) од оџакот на котелот за производство на пареа во производствениот процес, со горилник кој користи нафта како гориво и лабораториска анализа на отпадна вода од пречистителната станица во канализацискиот систем, во халата за преработка и конзервирање на овошје и зеленчук.

Бидејќи досега во оваа година не се извршени вакви мерења, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 208 став 8 од Законот за животна средина може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 15-54 од 06.03.2025г.

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Доставено до :**
- Архива
- ДЗТУ. Џанвики ДОО Петровец ул. 108 бр.91 во м.в. Ќојлија во општина Петровец

**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР**
**ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Мите НАЧЕВ**